Друштво за услуги и трговија
Shoqata për shërbime dhe tregti
РЕСОЛУШНС ДООЕЛ експорт-импорт
RESOLUTIONS SHPKNJP eksport-import
Бр./Nr. 29-0307
20.11.2026 20 год./viti
Тетово-Тетове

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-5374/8
20-11-2025 20 год. / viti

# ДОГОВОР

**за јавна набавка на услуги за одржување на апликативен софтвер за посвојување**

Склучен на ден ____.____.2026 година, помеѓу:

## I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1. Министерство за социјална политика, демографија и млади, со седиште на ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје, претставувано од Министер Ѓоко Велковски, во понатамошниот текст: Договорен орган, и**

**2. Друштво за услуги и трговија РЕСОЛУШНС ДООЕЛ експорт-импорт Тетово (Shoqeri per sherbime dhe tregti RESOLUTIONS SHPKNJP eksport-import Tetove), со ЕМБС 7480407 и ЕДБ 4028021542578, со седиште на ул. „127" бр. 16, Тетово, претставувано од управител / овластено лице Нермин Решиди, во понатамошниот текст: Носител на набавката.**

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како набавка од мала вредност со број на оглас 14246/2026 објавен на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), за набавка на услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-5374/1 од 29.07.2026 година, Одлука за избор на најповолна понуда со архивски број 02-5374/6 од 06.10.2026 година, донесена во истата постапка, како и врз основа на доставената понуда од Носителот на набавката преку ЕСЈН на 20.08.2026 година, со која во целост се прифатени условите, барањата и техничките спецификации предвидени во тендерската документација.

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на услуги за одржување на апликативен софтвер за посвојување, согласно техничките спецификации од тендерската документација и прифатената понуда на Носителот на набавката.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Овој Договор е со важност од 1 година (12 месеци), сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на овој Договор, утврдена во висина на проценетата вредност од Одлуката за јавна набавка до износот на обезбедените средства (согласно точка 11 од тендерската документација), изнесува до 300.000,00 денари. Носителот на набавката не е обврзник за ДДВ (во финансиската понуда ДДВ е искажан со 0,00 денари), поради што на услугите не се пресметува ДДВ.

Единечните цени согласно прифатената понуда на Носителот на набавката изнесуваат:

- месечен паушал за одржување (вклучува до 2 часа ефективна работа месечно): 4.500,00 денари;

- 1 (еден) ефективен работен час над вклучените часови: 3.500,00 денари.

Договорниот орган плаќа само за реално извршените услуги, по единечните цени од овој член, и не е обврзан да ја искористи вкупната вредност на Договорот.

Цените искажани во понудата на Носителот на набавката се фиксни и не подлежат на корекција за целото времетраење на овој Договор. Во единечните цени се засметани сите трошоци и попусти на Носителот на набавката.

## V. РОК, НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да ја реализира услугата континуирано во период од една година (12 месеци), согласно барањата и условите од техничката спецификација, тендерската документација и склучениот Договор.

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да ги извршува услугите за одржување на апликативниот софтвер за посвојување согласно техничката спецификација од тендерската документација.

Апликацијата е изработена на .NET платформа (.NET Framework 4), како веб-ориентирано решение со трослојна архитектура. Оперативен систем: Windows Server 2016 Standard. База на податоци: MS SQL Server 2016, релациона база доведена во трета нормална форма (3NF).

Поддршката се реализира на лице место (on-site) и далечински (remote) и ги опфаќа следните модули и активности:

1. Одржување на базата на податоци:
- Дефинирање и спроведување процедура за периодични backup-и (дневни, неделни, месечни) на локалниот сервер, со можност за целосен или делумен backup на интервали дефинирани од корисникот;
- Интерпретација на алармни log-ови за базата на податоци;
- Документирање, дијагностицирање и отстранување абнормалности во базата.

2. Одржување на системскиот софтвер:
- Интерпретација на алармни log-ови на оперативниот систем;
- Конфигурирање на дефинираните backup процедури на системскиот софтвер;
- Дијагностицирање и отстранување абнормалности во работата на системскиот софтвер;
- Поддршка и совети за обезбедување исправно работење.

3. Одржување на апликацијата за посвојување:

- Одржување на апликацијата за непречено работење и оптимизација;
- Отстранување грешки по доставено барање на Договорниот орган;
- Конфигурирање на backup процедурите на локалниот сервер;
- Интерпретација на алармни log-ови од апликацијата.

4. Адаптивно одржување:

- Помали подобрувања/дополнувања на постојните функционалности по потреба на Министерството;
- Усогласување на апликацијата со измени во законската регулатива за посвојување.

**Член 7**

Носителот на набавката е должен да обезбеди стандардно време на поддршка од 08:00 до 16:00 часот, од понеделник до петок.

Носителот на набавката ќе има право на пристап до системот на Договорниот орган во претходно договорените и дефинирани термини за редовно одржување, по претходно известување и одобрување од страна на Договорниот орган. Носителот на набавката ќе постапува согласно насоките на Договорниот орган за безбедност и ќе ги штити податоците од било каков неовластен пристап на трети страни.

Во следната табела е прикажано максималното време за одзив (одговор на повик или време од пријавување на потребата за услуга до интервенција преку далечински пристап доколку е тоа возможно, или појавување на лицето-одржувач на лице место) и максималното време за решение на грешките:

| Приоритет | Дефиниција | Време на одзив | Време на решение |
|---|---|---|---|
| **А – Фатални грешки** | Грешки кои го спречуваат функционирањето на повеќето процеси во системот | 1 час | 6 часа |
| **Б – Сериозни грешки** | Оневозможени функционалности потребни за извршување на процесите со првични побарувања за перформанси | 3 часа | 8 часа |
| **В – Минорни грешки** | Грешки кои попречуваат некои активности кои не се критични за процесите | 8 часа | 3 дена |

**Член 8**

Доколку во текот на одржувањето се утврди дека е потребна промена и набавка на резервен дел, Носителот на набавката е должен писмено да го извести Договорниот орган за потребата од менување, ќе му достави цена на резервниот дел со пресметана маржа до 5% од набавната цена на делот, а во прилог ќе достави оригинална фактура за набавениот дел или копија од фактура заверена со печат „верно на оригиналот“ и потпис.

**Член 9**

За секоја активност која ќе биде дел од извршувањето на Договорот за одржување, Носителот на набавката ќе испорача детален извештај/записник со

комплетни технички детали за извршените промени и интервенции во софтверот, како и препораки што да се преземе за во иднина да не се појавуваат слични проблеми. Одобрувањето и прифаќањето на овие извештаи/записници од страна на одговорното лице за следење на реализацијата на Договорот ќе биде предуслов за фактурирање и прифаќање на барањата за плаќање.

## VI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 10

Плаќањето се врши сукцесивно на месечно ниво и тоа:

- Месечниот паушал (кој вклучува до 2 часа ефективна работа месечно) се фактурира секој месец врз основа на потврда за спроведена поддршка, по фиксна единечна цена од 4.500,00 денари без ДДВ. Вклучените, а неискористени часови во тековниот месец не се пренесуваат во наредниот месец.
- Ефективните работни часови над вклучените 2 часа месечно се фактурираат месечно врз основа на извештај/записник за реализирани дополнителни часови, одобрен од лицето задолжено за следење на реализацијата на Договорот, по фиксна единечна цена од 3.500,00 денари без ДДВ по работен час.

Рокот на плаќање е до 30 (триесет) дена од денот на приемот на уредната фактура (потврдена од одговорното лице за следење на реализацијата на Договорот) во архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 11

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за следење на реализацијата на Договорот кај Договорниот орган, како и врз основа на доставената понуда и утврдената техничка спецификација.

Носителот на набавката врз основа на добиеното барање, сукцесивно во зависност од потребата на Договорниот орган, се обврзува навремено, стручно и квалитетно да ги извршува услугите предмет на Договорот, како и да ги чува како доверливи сите податоци до кои ќе дојде при извршувањето на Договорот.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 12

Договорниот орган се обврзува во рок од 30 (триесет) дена од датумот на прием на секоја поединечна фактура во архивата да изврши плаќање на Носителот на набавката. Договорниот орган се обврзува дека ќе врши исплата на цената за извршените услуги на начин определен со овој Договор и ќе обезбеди потребен пристап и услови за непречено извршување на услугите.

### Член 13

Одговорно лице за следење на реализацијата на овој Договор кај Договорниот орган е Зафир Цаневски, или друго лице овластено од Министерот.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 14**

Носителот на набавката е должен да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на Договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 5,00% од вредноста на Договорот за јавна набавка.

Носителот на набавката е должен да достави неотповиклива, безусловна и наплатива на прв повик банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на Договорот со

на Договорот за јавна набавка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на Договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 5 (пет) дена од потпишувањето на Договорот. Потпишаниот Договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот ќе биде наплатена доколку Носителот на набавката не исполни некоја од обврските од Договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што Договорниот орган писмено ќе го извести Носителот на набавката. Оваа гаранција се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на Договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на Договорот или е зголемена неговата вредност, Носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на Договорот.

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, ОДНОСНО НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска согласно роковите определени во овој Договор, истиот е согласен на договорна казна. Носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина од 5 (пет) промили од вредноста на неизвршената услуга за неисполнување или неуредно и задоцнето исполнување, но износот на пеналите не може да биде поголем од 5% од вредноста на овој Договор.

Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја одбие од цената на услугата определена во член 4 и член 10 од овој Договор.

Доколку Носителот на набавката ненавремено или неквалитетно ги извршува услугите кои се предмет на набавка, Договорниот орган има право да ја наплати и Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на Договорот, како и да го раскине Договорот.

## XI. ВИША СИЛА

**Член 16**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради „Виша сила". „Виша сила" значи исклучителен настан или околност:

а) кој е надвор од контрола на страните;

б) против кој ниедна од страните не можела разумно да преземе мерки пред стапување на Договорот;
в) кој, откако настанал, страната не можела разумно да го одбегне или да го совлада; и
г) кој не може во голема мера да се припише на другата страна.

Вишата сила може да вклучува, но не е ограничена на исклучителните настани или околности опишани во точките од I до V, сè додека се исполнети горенаведените услови од (а) до (г):
I. војна, непријателства, инвазија, акт на непријателства;
II. бунт, тероризам, револуција, востание, воена сила или граѓанска војна;
III. немир, раздвиженост, неред, штрајк или блокада од лица кои не се персонал на Носителот на набавката;
IV. воена муниција, експлозивни материјали, радијација или, освен ако се предизвикани од Носителот на набавката;
V. природни настани (пожар, поплава, земјотрес, пандемија, лоши временски услови, невообичаено за годишното време и за местото на кое се извршуваат услугите и сл.).

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ. По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине спогодбено.

Доколку извршувањето на услугите во голема мера е спречено во непрекинат период од 30 (триесет) дена поради „Виша сила“ за која е дадено известување, тогаш која било од страните може да даде известување за раскинување на Договорот.

## XII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

### Член 17

За сè што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 18

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

### Член 19

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

### Член 20

Со раскинувањето на Договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета. Ако една страна го извршила Договорот целосно или делумно има право да ѝ се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршување на двостраните договори.

Секоја страна ѝ должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести. Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

## XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

### Член 21

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, а во спротивно надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Основниот граѓански суд Скопје

## XV. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

### Член 22

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на постапката за јавна набавка и при реализацијата на овој Договор, согласно Законот за јавните набавки и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Доколку Договорниот орган утврди дека Носителот на набавката бил вклучен во корупциско, измамничко, тајно договарање или принудно однесување за време на постапката или при извршувањето на овој Договор, Договорниот орган има право едностранo да го раскине Договорот, да ја активира банкарската гаранција и да побара надомест на штета.

## XVI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 23

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавните набавки. Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма. Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор. Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

### Член 24

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

## Член 25

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорен орган:**
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**
**Министер**
**Ѓоко Велковски**

**Носител на набавката:**
**Друштво за услуги и трговија**
РЕСОЛУШНС ДООЕЛ експорт-импорт
**Тетово**
**Управител**
**Нермин Решиди**

Изработил: Индрит Вљаши, Помлад соработник
Контролирал: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одделение
Согласен: м-р Јулијана Павковска Боцевска, државен советник